**20131062547**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 44 став (1) од Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија" бр. 166/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВНИ ЛИЦА КОИ СЕ ДОЛЖНИ ДА ИМААТ ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со оваа одлука се определуваат правните лица кои се должни да имаат приватно обезбедување.

## II. ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВНИ ЛИЦА ЧИЈА ДЕЈНОСТ Е ПОВРЗАНА СО РАКУВАЊЕ СО РАДИОАКТИВНИ МАТЕРИИ ИЛИ ДРУГИ ПО ЛУЃЕТО И ОКОЛИНАТА ОПАСНИ МАТЕРИИ

Член 2

Правните лица на територијата на Република Македонија регистрирани за вршење дејност согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, покрај обврските предвидени со овој закон имаат физичко и техничко обезбедување заради обезбедување на сигурноста на изворите на јонизирачко зрачење од недозволен пристап на неповикани лица во објектите при транспорт и депонирање на радиоактивниот отпад.

Правните лица на територијата на Република Македонија регистрирани за производство и промет на големо со лекови и медицински помагала согласно Законот за лековите и медицинските помагала, како и согласно други прописи од областа на лековите и медицинските помагала, и здравствените установи за секундарна и терцијална болничка здравствена заштита имаат физичко и техничко обезбедување на објектите и околниот простор.

Правните лица на територијата на Република Македонија регистрирани за производството и промет со запални течности и запални гасови чија зафатнина е над утврдената со Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови ги заштитуваат своите магацини, складови и резервоари со пропишана ограда, имаат техничко обезбедување, а со примена на други потребни мерки и физичко обезбедување, согласно закон.

Правните лица на територијата на Република Македонија регистрирани за вршење на превоз на опасни материи, покрај обврските предвидени со Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, на местото на кое се врши натовар или истовар на опасни материи имаат физичко и техничко обезбедување.

## III. ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВНИ ЛИЦА ЧИЈА ДЕЈНОСТ Е ПОВРЗАНА СО РАКУВАЊЕ СО ПРЕДМЕТИ И ОБЈЕКТИ ОД ОСОБЕНО КУЛТУРНО И ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ

### Член 3

Јавните установи и приватните музеи основани согласно Законот за музеите и јавните установи основани согласно Законот за заштита на културното наследство, чија дејност е поврзана со ракување со предмети и објекти од особено културно и историско значење, како и археолошките локалитети и друго недвижно културно наследство имаат физичко и техничко обезбедување на движното и недвижното културно наследство.

## IV. ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВНИ ЛИЦА КОГА ТОА Е ВО ИНТЕРЕС ЗА БЕЗБЕДНОСТА И ОДБРАНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 4

Правните лица на територијата на Република Македонија регистрирани за вршење дејности од областа на енергетиката согласно одредбите на Законот за енергетика, за производство, пренос и дистрибуција на енергија, покрај другите безбедносни мерки утврдени со закон и пропишани со подзаконски прописи, заради заштита на здравјето и животот на луѓето и заради заштита на животната средина, природата и растенијата имаат физичко и техничко обезбедување.

Правните лица на територијата на Република Македонија регистрирани за вршење дејности од областа на водоснабдувањето на населението со вода за пиење и технолошки потреби согласно со Законот за водостопанствата имаат физичко и техничко обезбедување.

Правните лица на територијата на Република Македонија регистрирани за вршење дејности за заштита и управување со повеќенаменски подрачја, заштита и унапредување на животната средина, заштита на природата и природното наследство во заштитени подрачја и надвор од заштитените подрачја согласно со Законот за животната средина, Законот за заштита на природата и согласно други прописи од областа на заштита и унапредување на животната средина, човековата околина, природата и националните паркови имаат физичко и техничко обезбедување на просторите и објектите со кои стопанисуваат.

Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија и другите правни лица кои се регистрирани за вршење дејност од јавен интерес (електронски и печатени медиуми) под услови утврдени со Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија, Законот за радиодифузната дејност и Законот за електронските комуникации имаат физичко и техничко обезбедување.

Народната банка на Република Македонија и правните лица регистрирани за вршење банкарски работи согласно Законот за Народната банка на Република Македонија и Законот за банките имаат физичко и техничко обезбедување на објектите, околниот простор и на транспортот на пари и вредности.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 5

Со денот на отпочнување на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на правни лица кои се должни да имаат обезбедување лица и имот за свои потреби („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/2010).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-2999/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.